Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-299/5
15.09. 20 22 год.-viti
Скопје

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 299/1 од 18.05.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје преку адвокат [redacted] против лицето [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 15.09.2022 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката поднесена од [redacted] Скопје преку адвокат [redacted] од Скопје против [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање односно социјална мрежа– Facebook и медиуми **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 18.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми односно социјална мрежа– Facebook , од страна [redacted] Скопје преку [redacted] против лицето [redacted]

Во поднесената претставка, подносителот наведува дека лицето [redacted] на неговата социјални мрежи Фејсбукр постирал постови со кои што сторил директна, продолжена и повторена дискриминација, врз основа на потекло, национална и етничка припадност кон граѓаните на Р.С. Македонија со бугарско национално самосознание.

Врз основа на член 24 став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 31.05.2022 година испрати Барање за произнесување по наводите содржани во претставката до лицето [redacted] заверено, под бр.08-299/2.

Доставата на претставката на адресата наведена во претставката како адреса на потенцијалниот дискриминатор беше неуспешна, а поштата беше вратена "непознат", што индицира дека наведената адреса во претставката од страна на подносителот, не е точна адреса на живеење на потенцијалниот дискриминатор. Од таа причина Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 05.08.2022 до подносителот достави барање за


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе точната адреса на потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката, согласно чл. 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доставата на барањето за доуредување до подносителот на претставка беше неуспешна и вратена од пошта со назнака "не прима" и "отпатувал". Од таа причина, на 14.08.2022 година Комисијата повторно го достави доуредувањето до подносителот на претставка, но истото повторно се врати до Комисијата со назнака "отпатува".

Врз основа на член 84 од Законот за општа управна постапка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 26.08.2022 година со јавна објава во Службен весник на Република Северна Македонија број 188/2022 и Слободен печат објавено на 25 и 26.08.2022, достави барање за доуредување на претставка со кое се повика адвокатот [redacted] да го подигне Барањето за доуредување на претставка со кое се бара да се доуреди претставката со точна адреса на живеење на потенцијалниот дискриминатор. По извршената јавната објава адвокатот [redacted] не се јави да го подигне Барањето за доуредување на претставка.

Согласно член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот. Согласно став 2 од истиот член доколку претставката не ги содржи елементите од ставот 1 на овој член или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

Бидејќи подносителот во рамки на законски предвидениот рок не ја доуреди претставката согласно горе цитираните одредби во смисла доставување точна адреса на живеење на потенцијалниот дискриминатор, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
15.09.2022

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk